
Музејски забавник









www.muzejprilep.org.mk


Ил. 1. Кибрити - игра (експонат во МУЗЕЈ ЗА ТУТУН)



Ил. 2. Неолитска тркалка (експонат во ПОСТОЈАНАТА АРХЕОЛОШКА ПОСТАВКА



Ил. 3. Фигури за игра (експонат во МУЗЕЈ ЗА ТУТУН)





Ил. 4. Бронзени статуетки на богот Меркур (експонат во ПОСТОЈАНАТА АРХЕОЛОШКА ПОСТАВКА

Првиот музеј на светот е основан и воден од **вавилонската принцеза** на НОВОТО ВАВИЛОНСКО ЦАРСТВО, свештеничката **Енигалди Нана** (Ennigaldi-Nanna), која живеела во просториите на музејот. Датиран е приближно во **530 година пред нашата ера.** Музејот бил отворен за публика. На глинени таблички биле испишани двојазични легенди за изложените експонати. Музејот бил непознат се до 1925г. кога англиски археолози го откриваат остатокот на храмот во Ур.

МУЗЕЈСКИ забабник

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп

Издавач: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп
За издавачот: Мимоза Христоска
Автор и уредник: Паре Заревска
Рецензенти: Александар Цветкоски, Оливера Јандреска
Лектор: Елена Апостоловска
Библиографија: Биљана Темелкоска
Дизајн и графичка подготовка: Паре Заревска, Здравко Чолаковски
Печати: „Андриано“, Прилеп
Тираж: 70
Прилеп, 2025
Проектот е финансиран од Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија

КАКО Е СОЗДАДЕН ОВОЈ ЗАБАВНИК

Овој забавник го создадовме ние - кустосите во НУ Завод и Музеј-Прилеп, наставниците и стручните служби во основните училишта, а првите рецензенти ни беа учениците во основните општински училишта од прилепската општина.

Во реализирањето на проектните активност учествуваа општинските основни училишта од прилепскиот регион: „Рампо Левката“, „Кире Гаврилоски-Јане“, „Климент Охридски“, „Блаже Конески“, „Гоце Делчев“, „Кочо Рацин“, „Добре Јованоски“, „Страшо Пинџур“, с. Мало Коњари и „Пецо Даскалот“, с. Долнени.

Во креирањето на игровните енигматски листови го користевме дидактичкиот метод, којшто е препорачан од Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на УНЕСКО и бројните експериментирања за интегрирање на музејската заштита во школските наставни планови.

Им благодариме на сите што учествуваа во реализирањето на проектните активности, за кои на крајот од овој Музејски забавник може да најдете повеќе информации.


Се надеваме дека љубопитноста ќе ве доведе во НУ Завод и Музеј - Прилеп.

Како да се користи

Во обие облачиња се напишани вашите задачи;



Обој симбол би кажува што би е потребно за да ги завршите задачите



Обој симбол ве запознава со интересни податоци



Земете си различни боички,
пронајдете ги и заокружете ги следниве зборови:


музеј, херој, участок, галерија, меморијален, етнологија, лапидариум, спомен, експонат, витрина, Кузман, Блаже, Стибера, Јосифоски.

(Помош: Побарајте ја лупата и погледнете го решението на крајот на оваа страница.



П	А	Ф	Т	А	Р	И	Б	Ј	И	К	О	Н	А
О	Т	З	Г	А	Л	Е	Р	И	Ј	А	С	Ф	Д
К	Р	А	Л	И	М	А	Р	К	О	М	Т	Л	И
П	С	С	Т	И	Б	Е	Р	А	В	У	О	У	В
К	О	Н	Е	С	К	И	Н	Г	Е	З	М	Л	И
Е	Т	Н	О	Л	О	Г	И	Ј	А	Е	Н	Е	т
А	В	Е	К	С	П	О	Н	А	Т	Ј	А	К	М
П	И	К	У	З	М	А	Н	Х	Х	Е	Р	О	Ј
А	Т	Ј	О	С	И	Ф	О	С	К	И	У	П	В
Г	Р	Т	У	Т	У	Н	Б	Л	А	З	Е	Ј	А
У	И	Ц	М	Е	М	О	Р	И	Ј	А	Л	Е	Н
Р	Н	У	Т	О	У	Ч	А	С	Т	О	К	Б	Т
Ч	А	С	П	О	М	Е	Н	А	М	Ф	О	Р	А
Е	Л	А	П	И	Д	А	Р	И	У	М	Н	Г	А

Најстарата, досега позната лупа (кристална леќа), датира од архајскиот период (800 до 480 г. п.н.е). Лупа е алатка којашто и нис кустосите секојдневно ја користиме за идентификување на монети и предметите или исчитување на натписи.







Ил. 5.
Мермерна ара со претстава на богот Меркур со кадукеј кој завршува со две змии;
(90 x 75 x 77 см.),
(Лапидариум)

Преку оваа страница од некогашниот весник „Време“ запознајте се со творештвото на Петре Пагурџијата -

ИСПОМЕШАНА ПРОЗА И ПОЕЗИЈА

Музеите се центар на секоја темелна и квалитетна едукација.

4. АВГУСТ 1937 г. **„В Р Е М Е“** ***„КРКАМБАР КАЛАМБУРИ“*** ***биле нарекувани кратките римувани песни***

ПЕТРЕ УВЦЕ ИМ МЕСИ ГЛИНА НА ГРНЧАРИТЕ И ПЕЕ ЕПИГРАМИ ЗА ЦЕЛИОТ ПРИЛЕП

Петар Увце Пагурџија е прилепски занаетчија и автор на еден мал речник, кој во суштина е првата печатена збирка на одбрани епиграми, кои Петре им им ги читал на Прилепчани и со нив го засмејувал цел Прилеп.

(епиграми - кратки сатирични песни какви што пишувал Александар Сергеевич Пушкин 1799-11837 г.)

Р Е Ч Н И К

Камен - пари
Заличија - украсија
Меше - стомак
Азар - спремни
Гудбал - фудбал
Пелцованија - Пенсилванија
Пешкуни - дрвени округли столици
Ќепенци - метални ролетни



Ил. 6.
Калап за пагур од Тодор Јошевиќ (9,2 х 6,5 х 16, 5 см.)
Инв. бр. 600/Х; 1931 г., Етнолошка поставка

***З**борно место на поетите им се пешкуните крај ќепенците на пекарницата од Кепе. Време е за отворање на книжевните вечери — по завршувањето на фудбалските натпревари, на кои редовно присуствуваат сите членови од овој неофицијален прилепски „Пиквик клуб“ (литературно друштво), независни книжевници (наречен според лик од делата на Чарлс Дикенс)“*

„Бидејќи овде се многу чести и дебатите за надворешно-политичките, научни и теолошки прашања, своите говори ги почнувам со стручно соопштување на фудбалските резултати од натпреварите во градот.
Јас навивам за СК „Југославија“ но мојот син игра „гутбал“ (фудбал) во СК „Ајдут“ (Хајдук).

Запишал Петре Пагурџијата

„- Ви го правим ќево, да ве боли мево“ – **вевел Петре**

Додека бил на печалба во Америка, пред триесет години на крајот на 19 век, Американците ги засмејувал рецитирајќи им ги своите **каламбури**.

*„Далеку беше пазарниот ден сабота, па **неделната заработка од деведесет динари** сеуште ја немаше во кесето. Па затоа го опоменав газдата, кој вртеше грне на грнчарското тркало:*

„Работа вршиме,
Камен кршиме.
Парите за пазар,
да ми са азар
Ко ќе ватам камен —
Кесето пушта
пламен!“

Извештај после еден натпревар против Скопјаните:
- Претседава долгогодишниот лореат (лаурат) Петре Увце...:

„Коа да имаме утакмица,
Гледаме цела касапница!
Направеме ли им двата —
Скопјанци ги боле глаата,
А кога нам чукнаја трите
Со нас се драпаја свите!“

Е ве како Петре си ја протолкувал познатата поговорка за прилепскиот итроштилак:

„...Во Прилеп мајмун не игра“ – Бидејќи, овде преголемата човечка конкуренција ја победила и мајмунската итрина. Прилепчаните се поголеми мајмуни и уште поголеми шејтани.“

ИСПОМЕШАНА ПРОЗА И ПОЕЗИЈА

4. АВГУСТ 1937 г. „В Р Е М Е“ *„КРКАМБАР КАЛАМБУРИ“* *биле нарекувани кратките римувани песни*

Петре својата кариерата ја започнал во Америка. Таму две години ги засмејавал и газдите и сопатниците печалбари по фабриките за цемент Стелтон и компанијата Аризбук во Пелцованија — како што ја вели.

- Потоа настапи криза и штрајкови... Петре Увце штрајкувал со својата заштеда од сто наполеони точно десет месеци. Тој на чело од петстотини работници, заедно со другарите двапати дневно го поминувал патот од градот до затворените фабрички врати со играта „аницаес“ - прескокнувајќи се еден со друг, работниците поминувале пат од пет километри.

Интересен штрајк…

Но сепак не дочекувајќи го новиот просперитет, се вратил назад во вилаетот пред почететокот на Хуриетот.

— Гуд бај, Америка! Но мони — финиш. (Без пари, се разбира, и Америка не е убава)


Задачи

Пронајдете ги зборовите што се римуваат, а пота подредете ги стиховите и составете ја поезијата напишана од Петре Пагуџијата.

„Коа да утакмица имаме , ги боле Скопјанци
глаата, Со драпаја нас свите се!
касапница Гледаме цела !
— двата Направеме ли им,
— А кога нам чукнаја трите .



Така Петре пишувал извештај за фудбалскиот натпревар.



Ил. 7.
Калап за пагур со претстава на коњаник (9,5 x 14,8 см) Етнолошка поставка

Кога *странските шетачи* ќе го замолеле Петрета за автограм, тој им ја упатувал оваа саркастична реченица:

„- ... нерадо пишувам букви на хартија, а радо пишувам букви низ воздухот, со чадов...“

Насетувате ли што сакал Петре да изнуди од богатитте странски шетачи низ Прилеп:



Обојте ги со иста боичка архаичните зборови со соодветните современи зборови, па променете ја боичката за да го обоите следниот пар

мусандра

абдесана

ѓум

бакарен сад за вода

мангал

пирустија

капиџик

софра

вратниче

тепсија

ми-јал-ник

тркалезна дрвена маса

плиток метален сад за погача

*„...Во текот на шестиот век п.н.е., во училиштето во храмот на сумерскиот град Ур, биле сместени **предмети** што биле најдени за време на градењето на храмот. Покрај тие **артефакти** биле поставени мали глинени плочки, на кои биле испишани основните податоци за местото и времето на пронаоѓање на **артефактите.***

метален триножник


простор за постелнина

чардак

метален сад за жар

полуотворен простор

Клучот е на следната страна


МУСАНДРА
просторија во
која
што
се чувала
постелнина
КАПИЦИК
вратниче
АБДЕСАНА
мијалник
МАНГАЛ
метален
сад за
жар
ЃУМ
бакарен сад
за вода
ПИРУСТИЈА
метален
триножник
плиток
ТЕПСИЈА
метален
сад за погача
тркалезна
дрвена
маса
ЧАРДАК
полуотворен
простор
СОФРА



Ил. 8. Внатрешност на храмот во Стибера

„Стибера“- „Македонска Помпеја“, кај прилепското село Чепигово, е живеалиште на 20 000 слободни граѓани. Формиран е од страна на македонските кралеви во III век од старата ера и постоел до крајот на 4 век, кога е делумно уништен при навлегувањата на варварските народи од север.

Бидете каменорезци:

подредете ги измешаните зборови и запишете го записот од Тит Ливиј на постаментот.

Стибера,
стигнува до пленот и се
по успешната
каде се Тит Ливиј
битка со Илирите
македонскиот
...војската од
ослободува од
крал Филип V,
снабдува со
житни култури ...



Ил. 9. Постамент со натпис, мермер, димензии (65 x 39 x 35 см), Лапидариум


„...војската од македонскиот крал Филип пленот, по успешната битка со Илирите се снабдува со житни култури ...“ - Тит Ливиј

Прецртајте ја оваа стела, така што правилно ќе ги подредите нејзините 4 делови.




Ил. 10. Лапидариум - НУ Завод и Музеј - Прилеп













Ил. 11.
Мермерна стела со триаголен фронт од локалитетот „Градиште“, с. Дебреште (106 x 45 x 7 см.), Лапидариум НУ Завод и Музеј - Прилеп




Ил. 12.
Јермилов Бранко,
Карикатура на Конески,
Спомен дом „Блаже Конески“,
с. Небрегово

Заокружете го точниот одговор за прашањето:

- ШТО Е КАРИКАТУРА ?

а. Карикатура е секој портрет со ликот на Конески;

б. Карикатура е цртеж во кој свесно се истакнати, зголемени и изобличени карактеристичните црти на некоја личност, предмет, настан или појава за да се постигне комичен ефект.



Ил. 13. Јермилов Бранко, Карикатура на Конески, Спомен дом „Блаже Конески“, с. Небрегово

Подредете ги правилно измешаните зборови во реченицата со која Конески го опишал родното село Небрегово:

1921 Небрегово, декември, првата, роден, XIV век, се споменува селото грамота кај, во една, во кое сум, веќе, деветнаесетти, година, Прилеп, половина

---.

*„…Небрегово...спаѓа меѓу населбите во подножјето на Бабуна, кои веќе ја беа напуштиле народната носија. Под турска власт тие села не биле чифчиски, така што врската со градот тука била потесна, па и одењето во светот полесно. Народната носија со богати везови се задржала во полските села. Тие селани ги викавме „везените“ и на нив гледавме малку од високо. Затоа јас и не сум зачувал во споменот некој подлабок впечаток од соборите на кои раскошно бликаа боите на ракавите од белите кошули на момите и невестите од полските села. Првиот стимул за „Везилка“ се јави, кога разгледав еден убав албум на македонски везови, издаден од Етнографскиот музеј во Скопје. Потоа дојде, се сеќавам, една визуелна сензација. Патувајќи со воз за Прилеп, погледав во еден момент низ прозорец право во синото небо. Ми се стори како на него да гледам еден мотив од народниот вез. Се јави, значи, една од оние слики што ќе бидат вклучени во мојата идна песна (205-206)“ - извадок од неговото дело „**СВЕТОТ НА ПЕСНАТА И ЛЕГЕНДАТА“ есеи и прилози, Скопје 2018,** 205-206.*

Нацртајте го прилепскиот споменик на културата, според цртежот во туш од уметникот Ѓорѓи Ачески

Во НУ Завод и Музеј - Прилеп може да ја погледате збирката цртежи на „*првиот и последен боем на Прилеп*“, како што самиот Аче се нарекувал себе си. Своите цртежи, тој често пати ги користел како банкноти, па со нив ги подмирувал своите пороци и долгови.

„... еден ден старите куќи ќе ги има само на моите цртежи“
- Ѓорѓи Ачески (Прилеп 1914-1979.)



Ил. 14. Ѓорѓи Ачески, Саат кула, туш на хартија (50,5 x 35 см.)


Сите споменици си ја имаат **историската приказна**, но прилепскиот Саат си има уште една **- современата сторија** за Санацијата на инклинацијата.
Историската приказна започнува со најстариот пишан извор Прилепски летопис од 1938 г., кадешто во 1854 г. е забележан пожар на поголемиот дел од ***прилепската чаршија и дрвената саат кула***. Сегашнава Саат Кула е изградена од Коста Лауц и Ристе Тасламиче, истите оние кои ја изградиле *стара црква* 1838 г. и уште педесетина цркви и манастири низ Македонија.
Современата сторија за санацијата на инклинацијата започнува со градските муабети – *Саатов како да се накривува*.
Овие муабети во почеток се тивки, а подоцна се погласно се искажувани од прилепчани. Затоа нашата институција започнува 11 годишни мерења. Потоа во соработка со Архитектонскиот Факултет и Институтот за земјотресно инженерство во 2012 г. изработува **Основен проект за конструктивна консолидација.**

„...Гледајќи колку е наведнат, наликува на кривата кула во Пиза, се плашам дека може да се сруши врз главата на прилепчани"
„Многу веројатно. Мене ми е страв!"

- прилепски чаршиски муабети заради кои започнале мерењата на навалувањето на кулата.








Подредете ги слоговите и ќе го добиете името и презимето од авторот на „Могилата“

Ил. 15. Панорама на „Могилата“ и „Маркукуле“, фотографија









(1922 -2010)

Тој бил архитект, универзитетски професор и градоначалник на Белград. Живеел во Прилеп се додека споменикот не бил во целост завршен. „Могилата на непобедените“ е единствената споменична целина којашто од идеја до реализација е создадена во рок од една година.

„- Во зависност од денот – утро ли е пладне ли е, на Могила има деца кои си играат, има луѓе кои трчаат или одат – уживаат, или старци излегуваат на прошетка. Навечер или многу рано утрото некое осамено лице ќе го посети.“ - авторот

Ил. 16. Поглед кон криптата на „Могилата“, фотографија



Подредете ги зборовите и ќе дознаете зошто ББ настојувал „Могилата на непобедените“, да ја градат локалните прилепски мајстори.

Жителите на Прилеп, се горди на својот споменик, го почитуваат и му се радуваат.

„Лов на богатство“
Помогнете му на кустосот, збогатете го своето знаење и испишете ги легендите под секоја слика. Посетете ја „Галеријата на икони“ и пронајдете ги овие фотографии.

















Називи на прикажаните предмети:

Ил. 17.
Архиерејско одејание од архиепископот охридски и македонски господин господин Ангеларије, кој бил учесник во НОБ. Во 1975 година од Синодот на МПЦ бил избран и хиротонисан за епископ Пелагониски.

Ил.18.
Ноже за нафора и лажичка за причест

Ил.19.
Сребрена вотивна рака

Ил. 20.
Гулаб - симбол на светиот дух од иконата Св. троица (1866 г.) од црквата св. Благовештение - Прилеп

Ил. 21.
Митра (посебен вид капа што ја носат свештениците)

Ил.22.
Крст - енколпион (encolpion - дводелен крст во кој се чува света честица или дел од свето тело).

Ил. 23. Фрагменти од икона „Св. Празници“, Галерија на икони

Впишете го точниот назив под секоја од сцените на циклусот „Големи празници“


























Рождество на Пресвета Богородица (21 септември); Воведување во Храмот на Пресвета Богородица; Благовештение на Богородица (7 април); Рождество Христово - Божиќ (7 јануари); Воскресение Христово - Велигден; Сретение Христово (15 февруари); Крштевање Христово -Водици (19 јануари); Преображение Христово (19 август); Влегување во Ерусалим - Цветници; Вознесение Христово - Спасовден (четврток, 40 дена по Велигден); Слегување на Св. Дух - Духовден (недела, 10 дена по Спасовден); Успение на Пресвета Богородица (28 август) и Воздвижение на Чесниот Крст.

Креативни картички

Креативните картички содржат два видови картички:
музејски единици и **музејски предмети**.



Музејски единици:
- Постојани поставки:
Археолошка и **Етнолошка**;
- Спомен дом: **Блаже Конески**;
- Меморијални музеи; **„11 Октомври 1941“ - Участок** и **„Кузман Јосифоски - Питу“**
- **Лапидариум**; **Галерија на икони и Музеј за тутун**.


Графичка икона

Музејски предмети: икони, слики, цртежи енколпион, макета, лули, жртвеник, ...

За вас, креиравме само неколку игри, кои може да се играат според следниве правила.
Вашата креативност ќе ви овозможи креирање на нови игри според ваши правила.
Новите игри, може да ги споделите на веб страницата www.muzejprilep.org.mk

Предлог игри: Меморија, Асоцијација, Собери го богатството, Ајде шетај низ чаршија.

Игра: *Асоцијација*



Играат 3 до 5 играчи;
Прибор за играње: креативни картички, коцка и Музејскиот забавник (задна корица);
Креативните картички поделете ги на сите играчи. Фрлете коцка. Играчот кој добил најмал број почнува прв. Продолжете кон десно. Картичката, на која е напишана музејската единица, на пр. **Галерија на икони** треба да се постави на сликата (на задната корица на овој Музејски забавник) Галеријата на икони, каде е фотографиран ентериерот на Галеријата. Следниот играч продолжува според истата асоцијација. Потоа се редат експонатите, на пр. графичка икона...**Играчот што ќе остане без карти е победник.**

Игра: *Меморија - парови*



Играат 3 до 5 играчи;
Прибор за играње: креативни картички и коцка;
Картичките распоредете ги слободно, со прикажаните слики свртени кон површината на којашто играте.
Фрлете си коцка – играчот кој има помал број почнува прв. Продолжете кон десно.
Отворете две картички по слободен избор. Ако отворените картички се пар зачувајте ги, ако не вратете ги на истото место од каде сте ги зеле (проверете ги паровите според дадениот клуч на крајот од следната страница)
Победува играчот кој ќе форомира повеќе парови.

Игра: *Собери го богатството*

Пибор за играње: креативните картички, коцка и фигурички;
Правилата на игра се слични со добро познатата игра „не лути се човече; играат 3 до 5 играчи; картичките со наслов - музејските единици (пр. Лапидариум) поделете ги на играчите; другите картички наредете ги една до друга во низа. Фрлете си коцка – оној кој има најмал број почнува прв и повторно ја фрла коцката; бројот на коцката означува колку картички ќе измине; ако предметот припаѓа на музејската единица што е прикажана на картичката што ја има оној што игра си ја задржува ако не само си ја остава својата фигуричка на тоа место; следниот пат си продолжува од тоа место каде што застанал-а.
Целта на играта е да се соберат сите картички од наредената низа.
Победува играчот кој прв ќе ја собери низата.





Ајде шетај низ чаршија

Игра: *Ајде шетај низ чаршија*
(играта се базира на правилата од популарната игра „Go fish")

прибор за играње: креативни картички лист хартија и молив

Играат 3-5 или повеќе играчи;
Измешајте ги картите и поделете ги на сите играчи.
Замислете буква и кажете ја замислената буква, која претходно сте ја запишале на парче хартија. Играта ја започнува оној што кажал буква која редоследно е пред другите букви во азбуката.
Ако ја имате картичката – *Музејски единици*, спуштете ја пред вас и од другите соиграчи побарајте друга картичка со експонат кој припаѓа на Музејската единица.
(пр. - *Те молам дај ми експонат од „Галерија на икони"*).
Ако, оној од кој сте ја побарале картичката, ја има картичка со таков предмет, ја дава на оној играч што ја побарал картичката, оставајќи ја до картичката Музејска единица. Ако ја нема побарана картичка вели:
- *„Ајде шетај низ чаршија"* и го презема редот. Тој играч продолжува, а ако нема картичка – Музејски единици, препушта ред на оној што има.
Играта завршува кога сите картички се собрани – подредени во соодветните музејски единици.
Победува играчот кој најдобро ќе ја претстави својата поставка

Прикажаниве фотографии се работни фотографии кои ги направивме за време на одржувањето на интерактивните работилници во основните општински училишта во Прилеп, Долнени и Кожари.









Повеќе фотографии и кратки видеа од имплементирањето на проектот се поставени на www.muzejprilep.org.mk

Клуч за креативните картички

		задна корица			
1	**Меморијален музеј „11 Октомври"-Участок**	Фото – Участок	Гештетнер	Телефонски апарат	фреска
2	**Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу"**	Фото соба	Синија	шах	Фотоапарат
3	**Спомен дом „Блаже Конески"**	Фото куќа	Колевка	Машина за пишување	Карикатура
4	**Лапидариум**	Фото лапидариум	Мерна маса	Хорологион	Фаустина
6	**Постојана археолошка поставка**	Фото апп	Златен накит	Артемида	Жртвеник
7	**Постојана етнолошка поставка**	Фото етно	Дивит	Пафта	Шиш
8	**Галерија на икони**	Фото влез	Икона	Графичка	Енколпиони
9	**Музеј за тутун**	Фото МТ	Цртеж Аче	Лула	Макета

Историските пишани извори, народните творби и преданија, археолошките наоди, етнолошкото наследство, уметничките творби ... овие и многу други сознанија се елемнтите врз кои ги градиме музејските приказни за нашето наследство.

Креирајте стрип

POW!

Првиот јунак, за кој писателот Славко Јанески создал македонски стрип, во 1945 г. е Крали Марко. Јаневски, потоа направил стрип за Цар Смоил, па за Кузман Јосифовски - Питу.

(според Александар Стеванов од Штип „Македонскиот стрип во ревијата ЈУ стрип“)

кратка приказна

Крале Марко и орелот

Крале Марко лежи покрај патот, а еден орел му прави сенка со крилата. Од гората се јавува самовила која го прашува орелот каква добрина му направил Марко.

Тогаш, орелот раскажува дека за време на Косовската битка, птиците долетале за да јадат човечко месо.

Тогаш, неговите крила се натопиле со крв, а потоа се исушиле на сонцето и тој не можел да полета, а Марко го спасил.

Во друга прилика, за време на еден пожар во Косово, Марко ги спасил неговите орлиња, еден месец ги хранел во својот дворец, а потоа ги пуштил во планината.

Марко е феудален крал кој владеел во 14 в., во време кога овој дел од светот бил исцрпен од чуми, неуспешни култури, религиозна ревност и ситни расправии во опаѓачката Византиска империја ...*територијата беше мозаик од големи и мали кралства и кнежевства и еден куп аристократи кои го демнат секој момент да го симнат од власт.*

ZOOM

На следнава страница за вас избравме кратки извадоци од најинтересните и најзначајните извори на податоци за историската личност, народниот и епски јунак Крали Марко

?

Преданието вели дека непосредно пред битката, на Константин Дајанов, деспот на кумановско - кратовската област, Марко му ги кажал следниве зборови: *„Го молам Бога да им помогне на христијаните, а јас прв да загинам во таа борба“.*

Крали Марко е последниот крал на Македонија по кого народот тагувал и го опевал во народните песни, а го запаметил и во преданијата.

Мавро Орбин, Кралство на Словените, Пезаро 1601 г.



На територија на општина Прилеп се регистрирани повеќе од 700 археолошки наоѓалишта.

Марко се стекнал со голема слава како заштитник на христијанството во едно пресудно време, кога исламот вршел експанзија на нашите простори.

Волкашин и Марко ја граделе црквата „Св. Архангел Михаил“ во Варош-Прилеп

Волкашин потекнува од Ливно. Татко му се вика Мрњава... ...Волкашин ја признал Охридската архиепископија, а преку неа бил во добри односи и со Вселенската патријаршија во Константинопол.
Марко е роден околу 1335. во Прилеп уште пред да загине тако му Волкашин во битката на Марица во 1371. Веднаш по загинувањето на татко му бил прогласен за млад крал.
Се борел за зачувување на територијата на државата со која владеел, а се простирала на десниот брег на реката Вардар, до Шар Планина и албанските планини на северозапад, до Костур на југозапад со престолнина во Прилеп... Како владетел Марко ковал пари со натпис: „В'Христа Бога верен крал Марко".

Историски извори

Народни преданија


На врата Волкашин се писал, син му Марко, Богме, му завидел, и тој ми се од лево написал, во одежди и кралски коруни

Народни творби

Постил Марко пости Влеигденски, седум недели седум јал, без вино без љута ракија...

Ил. 24. Панорама на Маркови Кули

Крали Марко



Познати фаци во Музејот за тутун


Оваа задача може да се сработи во пар.

Под сликичките на познатите личности впишете <u>буква и број</u>:

<u>А, Б, В...</u>
име и презиме

<u>1, 2, 3 ...</u>
биографски податоци

Пронајдете ги на следниве страници.
















Само кустосите имаат способност во интеракција со посетителите да ги објаснат функцијата и суштината на музејските предметите.

Ил. 25. Ентериер на Музејот за тутун

Познати фаци во Музејот за тутун















Ил. 25. Ентериер на Музејот за тутун

Познати фаци во Музејот за тутун

А
Катерина Медичи
(1519- 1589)

Б
Жан Никот
(1530-1564)

В
Кристобал Колом
(1451 – 1506)

Г
Владимир Назор
(1876 – 1949)

Д
Коста Апостолов Солев Рацин
(1908 - 1943)

Ѓ
Валентин Кембел
XVI в.

1
Тој е глумец и актер во првиот македонски филм „Фросина“, „Македонска крвава свадба“, „Мис Стон“ ...

2
Таа имала десет деца (три од нив биле последните француски кралови)
Го обожувала Нострадамус, го именувала за советник и лекар на кралот. Во нејзино време се случува масакар на протестантските племиња, а потоа следела религиозната војна – крстоносните војни.
Поддржувач на ренесансната уметност.
Боледувала од мигрена.

3
Свештеник кој венчал девојка од католичка вероисповест и момче протестант.
Не признавал 7 дена давајќи им време на младоженците да избегаат во далечни краишта.

4
Премиер на Обединетото кралство, добитник на Нобеловата награда за книжевност. „Како би го проживеал животот повторно“
„универзитетското образование с привилегија“

5
Морепловец и адмирал од Ценова, Италија.
Прво патешествие во 1492, третпат во 1498 год.

6
Македонски книжевник, комунист и автор на збирката поезија „Бели мугри“.

7
Поет, борец за слобода, прв претседател на президиумот на Хрватска

8
Француски амбасадор во Лисабон дипломат и научник. Тој го донесол тутунот за шмркање во Франција, со изговор дека тоа е лек за мигрена и и го понудил на Катарина Медичи.

Ил. 25. Ентериер на музејот за тутун

Познати фаци во Музејот за тутун

Ж **Тодор Скаловски**

(1909 – 2004)

Е **Петре Прличко**

(1907-1995)

S **Јоаким Неандер**

(1650-1680)

О Реформатор, учител, теолог композитор и автор на првата научна книга за тутунот.

З **Винстон Спенсер Черчил**

(1874-1965)

9 прв македонски композитор и диригент, автор на химната „Денес над Македонија“

11 партизанка, потполковник во ЈНА, сопруга на маршалот, прва дама СФРЈ

И **Јованка Броз**

(1924-2013)



Ил. 26. Жан Никот пред Катерина Медичи (каширана фотографија) - Музеј за Тутун

J **Јосип Броз Тито**

(1892-1980)

10 доживотен маршал претседател на Југославија „Работиме како да ќе живееме 100 години, се подготвуваме како утре да има војна.“

„ ...во Англија, годишно повеќе луѓе посетуваат музеи, отколку што одат на фудбалски натпревари, а во САД музеите забележале повеќе од 800 милиони посети.“

Мигет

Ил. 25. Ентериер на музејот за тутун

БЕГСТВО ОД МУЗЕЈ

Само кустосите имаат способност во интеракција со посетителите да ги објаснат функцијата и суштината на музејските предмети.



Ил. 27. Меморијален музеј „11 Октомври 1941“ - Участок



Ил. 28. Борко Лазески, Избувнување на востанието на македонскиот нрод против фашизмот 11.10.1941 г., фреска (2.90 x 9.10 м.) фрагмент - Участок


Бегство од музеј

За да „избегате“ од некогашниот затвор, прочитајте ги називите на експонатите и личностите, асоцирајте ги со дадените описи и под нив, на линиите, впишете ги називите на предметите или личностите.

Во Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“ - Участок се сочувани предмети и приказни за борците, творците и личностите кои придонесле за нашето слободно секојдневие.

Цртеж на ентериер - „Меморијалниот музеј 11ти Октомври 1941“- изработил
ДИА Илија Ристески,
конзерватор советник

ПРИЗЕМЈЕ	
БР	СОДРЖИНА
1	ВЛЕЗЕН ХОЛ
2	ХОДНИК
3	ИЗЛОЖБЕНА САЛА 1
4	ЗАТВОРСКА КЕЛИЈА
5	СКАЛИШЕН ПРОСТОР
6	ПРОСТОР ЗА КУСТОС
7	САНИТАРЕН ЈАЗОЛ
8	ОСТАВА



а. Тој е учителот кој во 19 тиот век, применувал сензорни методи за описменување на учениците.

б. Трите предмети - симболично ги претставуваат трите окупатори на Македонија

в.Предмет кој го прикажува изгледот на зградата во минатото.

г. Првиот постер за претставата „Македонска крвава свадба“ бил залепен на овој објект

ѓ. Апаратот служел за комуникација



Ил. 29. Пендрек

4

д. Овој предмет им задавал силна физичка болка на затворениците

2



Ил. 32. Телефонски апарат

Ил. 31 Сабји



3



Ил. 30. Макета на некогашната зграда на Полициската станица

Ил. 33. Јордан Хаџиконстантинов Џинот





Ил. 34. Столб за информации

6

1

За проектот „Применување на новите методи за презентација на културно наследство"

Овој МУЗЕЈСКИ ЗАБАВНИК е создаден во текот на имплементацијата на именуваниот проект во насловот на ова поглавје. Го реализиравме со поддршка на **Министерството за култура и туризам**. Тој се вклопува во **приоритетната рамка** за популаризација на заштитата на културното наследство за деца и млади.
Забавников е само еден од брјните проектни производи (интерактивни и партиципаторни презентации, интерактивни работилници, кратки игрички, едукативни и енигматски сетови ... кои се достапни на нашата веб страница www.muzejprilep.org.mk). Веруваме дека со овие забавни страници ќе дадеме свој придонес во подигањето на нивото на интерес за културното наследство, пред сè кај учениците во основното образование, ќе ја разбудиме креативноста, ќе ја поттикнеме љубопитноста и ќе ги насочиме кон критичко размислување, посочувајќи го Музејот како место за едукативен полигон за игри без граници.



Ил. 34. Постер за популаризација на проектните активности

Применивме хибриден модел, во кој класичните – дидактички и игровни методи за запознавање на нови содржини ги синхронизиравме со дигиталние алатки за визуелизирање, анимирање и презентирање, па нивните предности ги искористивме за да го *уловиме* вниманието на децата и младите, за да ги поттикнеме да ја истражуваат својата културата, и да ги осознаваат историските случувања кои доведуваат до промена на општествените движења.

Базирајќи се на искуството од наставниот и стручен кадар во училиштата и применувајќи ги најновите препорачани методи за мултиперспективна асоцијација и интерпретација на културно наследство, креиравме интерактивни, едукативни сетови и друштвени игри, како би допреле до свеста и би поттикнале одговорен однос на младите кон материјалното и духовното наследството,
Тоа силно влијае во зацврстувањето на чувството за идентитеска припадност кон зедниците во/со кои живееме.

Водејќи се од архаичната поговорка „*ние нашето – вие вашето*", создадовме тандем од наставници и куратори, кој не само што ги постигна поставените проектни резултати, туку од музејот создаде пријатно место во коешто квалитетно може да се помине слободното време, да се воспостави динамична интеракција со непознатото и да се воспостави пријатна двонасочна комуникација помеѓу куратorите и посетителите.

Забавувајќи се со содржините од овие страници, основците станаа свесни дека имаат моќ непосредно да се вклучат во примарната заштита на културното наследство преку развивање на сопствените вештини за подобра комуникација, критичко размислување, логичко расудување забавување и презентирање.

За „Музејот“

Основна дејност на спомнатата национална установа, наједноставно и најкратко кажано, е **заштита, чување, презентација и едукација на/за културно наследство**, од територијата на прилепскиот и рушевскиот реон, со населените места кои припаѓаат на наведените реони.



Ил. 35. Предна фасада на НУ Завод и Музеј - Прилеп

Низ нашите **постојани поставки, музеи** и **збирки** најлесно се објаснуваат причините заради кои светот се менува, било да е тоа во сферата на цивилното, военото или секојдневното живеење. Секој музеј, се стреми тоа да го направи на уникатен начин, раскажувајќи ја својата сторија на што поуникатен и поразбирлив начин, со искористување на **артефактите,** кои се чуваат во **депоата** (и го сочинуваат фондот на музејски предмети) или **експонатите** кои се изложени во: **постојани поставки** (археолошка, етнолошка, галерија на икони, роднокрајно музичко творештво и лапидариум; **спомен домови** (на Кузман Јосифоски - Питу и на Блаже Конески); **меморијални музеи** („11 Октомври 1941“ – Участок) **специјализирани музеи** (Музеј на тутун) и **збирки** (цртежи Ѓорѓи Ачевски - Аче и роднокрајно музичко творештво).
Заводите се грижат за **недвижното**, а музеите за **движното** и **нематеријално (**духовно, недопирливо) **културно наследство.**
(предлог: дигитална интерактивна презентација „Што има во музеј“ - muzejprilep.org.mk)
Недвижното културно наследство го чинат сите археолошки остатоци: **видини, мостови, храмови, градови, населби**, ... коишто се датирани во временски интервал од **праисторија** до крај на отомански и повоениот период, во нашите краеви, а во светот веќе од поодамна се формирани збирки на **постиндустриски период**, **локалитети и градби** од **XX** век. **Движно** културно наследство се сите **предмети** кои се чуваат во посебни простории во музејот. Додека тие не се обработат (што подразбира нивно датирање, истражување на намената, припадност, ...) предметите се чуваат во **депоа**. Оние највредните и најинтересните се реставрираат и конзервираат, а потоа се изложуваат и се именуваат **- експонати** кои непосредно ни ги пренесуваат поранешните човековите искуства.

Музејските **збирки** на физички предмети - **артефакти и експонати** бараат соодветна грижа и **толкување**, стручно за експерти и колеги или популарно за посетителите. Тоа го обезбедуваат **стручните лица – кустоси, куратори и едукатори.**

Музејот, во поново време, избира артефакти кои посетителите може да ги допрат, во рамки на интерактивни работилници од типот *„Доприја историјата“*, како би предизвикале сензуални, емоционални и интелектуални интеракции. Посетата на музеј ја асоцираме со задоволството кое се јавува при слушање музика, одење во библиотека, читање книга, гледање театарска претстава или филм – **со една пријатна средба со производите од некогашните луѓе – предците, со цел да го разбудиме откровението и подлабокото разбирање на минатото.**

Музејските збирки ги претставуваме како огромен образовен ресурс кој постојано – и само преку интеракција се надоградува и збогатува, со цел кај посетителите на музејот да предизвикаме **интерес** и **љубопитност**, да ги **инспираме** да си ја пронајдат **самодовербата** и да ги **мотивираме** учениците да бараат нови начини на учење и освојување на нови сознанија преку развој на **критичко размислување.** Образованието го препознаваме како суштинска причина за постоењето на музеите, и нивното цврсто етаблирање во секое општество и образование.

За да ги заинтересираме нашите најмлади посетители, дечиња од претшколска и младите на школска и средношколска возраст, создадовме серија енигматски листови, игри со картички, интерактивни - дигитални игрички и презентации кои се слободно достапни на нашата веб страница www.muzejprilep.org.mk.


За сите кои го сочувале детето во себе издавовме публикации со едукативно дедуктивни содржини:



Ил. 36. **Алманах** со дедуктивно-едукативни содржини по повод јубилеј 80 години Народно востание, Прилеп 2021




Ил. 37. **Интерпретациска тура** за Меморијалниот музеј на херојот „Кузман Јосифоски – Питу“ (Зборник на трудови 26, Битола 2023, 209-224.



Биди детектив: Допиши ги податоците што се наведени во текстот „Херојот е мојот дедо“ и дополни го досието за лицето ДН 1002021

Фотографија или цртеж Или цртеж	Име д	Презиме и	Датум на раѓање 06.19	Датум на умирање 12, ,19	100 годишнина 16,
	Роден град	Места на престојување		Постојано место на живеење	
	Образование Формално , Прилеп	Неформално Белтрад,	Функција	работи Институција театар	Град Битола
	Режисер на драми: „Пат околу светот“,				
Уметнички творби за неговото дело					
Ликовни дела Биста	Биста	Литературни творби Романизирана биографија		Признанија	
лоцирана во паркот пред во Прилеп, изработена од Орде Иваноски	во ; Торзо на Душко Наумоски изработено од скулпторот Драган Поповски Дада	Документарен , Скопје, М Т, 1 83г			
Негови мотивациски изрски	макетте се облик. ...секогаш кога минував крај кажуваа. Без	,без кив во себе за една	да живееш; таjна...	е најдрста некое задоволство	што на човекот му не го




Роде Дамоски | Марко Ристески Старкот | Борка Талески - Моморото | Ѓоре Велјоски - Стрелката | Лазо Филиповски - Лавџи | Јосиф Јорданоски Сиџанџи

Во редовите под наведените карактеристики напишете ги нивните имиња

Момче на кое добро му стои качет и марама околу вратот	Сериозно момче со мустаќи и палто	Момче со бистар поглед и патеќ наспредина	Момче што знае да вози велосипед	Семеен човек со жена и дете	Народен човек со бела кошула оптегната во вратот
Сериозен човек во воена униформа загледан надолу	Поднасмеан човек со мустаќи и бујна брановита коса	Човек со остар поглед, уредно исчешлан во костум со вратоврска	Човек во воена униформа со две темни квадратчиња на јаките	Човек со мустаќи и распетлана кошула	Насмевно момче со густа брановидна коса со костум и вратоврска
Во војничка униформа и високо чело	Сериозно момче со отпетлана кошула и сако	Насмеан лик со ордени на градите	Поднасмеан лик во воена униформа со големи петлици	Мажо строг поглед високо чело, со мустаќи	Рус (со светла коса) маж со смирен поглед
Девојка со крупни очи и долгодливо лице	Момче кое треба да пушти луле држи луле	Момче со крупни очи и усни	Сериозно момче – партизан	Сериозно момче, со капа што му ја прекрива косата во целост	Весело момче со крупна долка усна

Збогати го својот вокабулар, спојувајќи ги поимите со нивното значење:





Ил. 38. **Енигматски листови**





„...Сите ученици и наставници се посетители, но не сите посетители се ученици или наставници...“





Креативните одговори од сите деца, млади и наши учесници на интерактивните работилници се наш мотив и обврска за да создаваме нови, поразлични и поинтересни содржини, за да го развиеме потенцијалот и капацитетот на генерациите што доаѓаат, препознавајќи ги во нив идните предизвикувачи на промените и предвесници на поквалитетна иднина.

Затоа секоја година, се повеќе ќе ги инволвираме во нашите активности.



Ил. 39. Ентериер на Специјализираната библиотека при НУ Завод и Музеј - Прилеп

Користена литература

1. Ahsberg, S. „Students views of historical significance – a narrative literature review“. https://journals.uclpress.co.uk/herj/article/pubid/Hist_Educ_Res_J-21-2/. (пристапено на 27.02.2024)
2. Апостолски, М... [и др.]. (1972). Прилеп и Прилепско низ историјата : меѓу двете светски војни и народноослободителната војна. Прилеп : Општинското собрание и на СЗБ од НОВ ; Скопје : Институт за национална историја.
3. Белчески, Р. (2003). Град Прилеп - Марков град. Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј.
4. Цветкоски, А. (2010). Музеј за тутун Прилеп - каталог. Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј.
5. Цветкоски, А. ; Заревска, П. (2024). Ликовна збирка на Научен институт за тутун и Музеј за тутун : каталог = Fine art collection of Scientific Tobacco Institute and Tobacco Museum : catalogue. Прилеп : Научен институт за тутун = Prilep : Scientific Tobacco Institute.
6. Edson, G. (1995). International directory of museum training. London : Routledge.
7. Христоска, М. (2024). Хартиени-графички икони од XVIII до XIX век од збирката на НУ Завод и Музеј-Прилеп. Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј.
8. Јандреска, О. (2022). Збирка „Епиграфски споменици и камена пластика“. Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј.
9. Journal of Language, Literature, Social and Cultural Studies (JLLSCS). (2023) Vol. 1, Nr. 3. https://ympn.co.id/index.php/JLLSCS. (пристапено на 27.02.2024)
10. Kiurski, D. (2003). „Reč-dve o muzejskoj edukaciji : geneza, teorija, odlike“. ICOM : Časopis Nacionalnog ICOM-a komiteta Srbije, br. 17/18, str. 7-12.
11. Kusonić, N. Ž. (2003). „Savremeni izazovi muzejske edukacije“. ICOM : Časopis Nacionalnog ICOM-a komiteta Srbije, br. 17/18, str. 12-15.
12. Маркоски, Б. (2002). Археолошка карта на Република Македонија. Т. 3, Карти. Скопје : Македонска академија на науките и уметностите : Музеј на Македонија, Археолошки оддел.
13. Прилеп : милениумско пулсирање : 1014-2014. (2014). Прилеп : Друштво за наука и уметност : Локална самоуправа на Општина Прилеп.
14. 50 години Музеј Прилеп = 50 years Museum of Prilep. (2005). Прилеп : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј.
15. Светското наследство во рацете на младите. (2012). Скопје: Министерство за култура на Република македонија, национална комисија на УНЕСКО. https://whc.unesco.org/uploads/activities/documents/activity-54-27.pdf. (пристапено на 22.05.2024)
16. Talboys, G. K. (2016). Museum Educator's Handbook. London: Routledge.
17. The ICOMOS Charter for the Interpretation and Presentation of Cultural Heritage Sites. (2008). Ratified by the 16th General Assembly of ICOMOS Quebec, Canada. https://hdl.handle.net/20.500.14394/22923. (пристапено на 20.04.2024)
18. Tilden, F. (1977). Interpreting our heritage. Chapel Hill: The University of North Carolina press.
19. Заревска, П. (2021). Алманах со дедуктивно - едукативни и интерактивни содржини по повод јубилејот осумдесет години народно востание. Прилеп: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј.
20. Заревска, П. (2023). „Презентирање на Меморијалниот музеј „Кузман Јосифоски-Питу“ според принципите за интерпретација на културното наследство“. Битола: Зборник на трудови, бр. 26, стр. 209-224.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
069.7(497.785)(036)(02.053.2

ЗАРЕВСКА, Паре
Музејски забавник / Паре Заревска. - Прилеп : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025. - 32 стр. : илустр. ; 30 см

Библиографија: стр. [31]

ISBN 978-608-4511-14-4
а) Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј -- "Музејски забавник", списание за деца -- Прилеп -- Водичи
COBISS.MK-ID 66951173



Постојана археолошка поставка



Галерија на икони



Меморијален музеј
„Кузман Јосифоски - Питу“



Постојана етнолошка поставка



Меморијален музеј
„11 Октомври 1941“ - Участок



Спомен дом „Блаже Конески“



Лапидариум



Збирка на роднокрајно
музичко творештво



Музеј на тутун